КИРМ
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 68 од Законот за извршување ( "Службен весник на Република Македонија" бр.35/05, 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10,171/10 и 148/2011), в.в со член 19 од Правилникот за работа на Стручниот совет на КИРМ, Управниот одбор на Комората на извршители на Република Македонија, по повод утврдените предлог-мислења на седница на Стручен совет на КИРМ 23.11.2015 година, на седница одржана на ден 11.03.2016 година, го усвои следното

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-234/2-1
14.03 2016 год.
СКОПЈЕ

## ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

Согласно член 10 став 1 од ЗИ, а во врска со член 46-а став 1 од ЗИ, ако доставувањето на писмената треба да се изврши до државјанин на Република Македонија во странство, доставувањето се врши по пошта, курирска служба, по електронски пат или преку надлежниот конзуларен претставник или преку дипломатски претставник на Република Македонија кој ги врши конзуларните работи во односната странска држава (член 131 став 2 од ЗПП).

Кога странката има законски застапник, односно полномошник доставувањето се врши до законскиот застапник, односно полномошникот, ако во овој закон не е определено нешто друго (член 133 став 1 од ЗПП).

Одредбите од Законот за извршување за достава преку јавна објава во дневен весник во РМ не можат да се применат во случај кога странката е со пријавено престојувалиште во странство .

Извршителот кој го спроведува извршувањето кон кое пристапиле и други доверители преку други извршители, доставата до доверителите кои пристапиле кон извршувањето ќе ја изврши ако извршителите на тие доверители по барање на извршителот кој го спроведува извршувањето му ги авансираат трошоците за доставата. Ова особено кога доставата треба да се изврши во странство и е врзана со поголеми трошоци на пр. брза пошта и сл.

Ако доверителите кои пристапиле кон извршувањето не ги авансирале трошоците на постапката, извршителот нема обврска да ги преземе тие дејствија за да се спроведе уредна достава.

Претседател на Управен одбор
на Комора на извршители,
Зоран Петрески

Бул. „ Илинден " бр. 60/2-2 Скопје
Тел: 02 3225 674 Факс: 02 3239 877
e-mail: izvrsitelinarm@yahoo.com